**Република Македонија**

**Министерство за економија**

Врз основа на член 23 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" број 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15), Министерството за економија распишува

# ОГЛАС

## ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА ОВЛАСТЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК

1.Секој кандидат кој се пријавува на огласот за полагање на испит за овластен стечаен управник треба да ги исполнува следните услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- да има живеалиште во Република Македонија,
-да има високо образование од соодветната област (диплома за завршено четригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем ЕКТС),
- со правосилна одлука да не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната,
- да има најмалку три години работно искуство по дипломирањето во областа на правото, економијата или бизнис администрацијата или друго високо образование согласно одредбите од член 23 од Законот за стечај и пет години работно искуство по дипломирањето во областа на трговските дејности,
- потврда за редовно посетување обука издадена од Комората на стечајни управници.

2. Кандидатот кој се пријавува на огласот за полагање на испит за овластен стечаен управник треба да ги достави следните документи:
- пријава во која ќе бидат наведени личните генералии, точна адреса, број на лична карта или пасош, име, татково име, презиме, број на телефон (мобилен, домашен или од работно место) и адреса на електронско сандаче.
- доказ за завршен факултет,

- потврда со која ќе се докаже дека има 3 години работно искуство по дипломирањето во областа на правото, економијата или бизнис администрацијата или пет години работно искуство по дипломирањето во областа на трговските дејности,
- потврда со која ќе се докаже дека посетувал почетна обука издадена од Комората на стечајните управници,
- потврда со која се докажува дека со правосилна одлука не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната,
- доказ за уплатен износ на предвидените средства за полагање на испитот, односно уплатница (образец ПП50) на износ од **10.000,00 денари**, уплатени на трезорска сметка на Министерство за економија: 100000000063095, со цел на дознака за полагање на испит за овластен стечаен управник, назив на примачот – Министесрство за економија, банка на примачот - Народна банка на Република Македонија, сметка на буџетски корисник бр. 1000115547 787 13, приходна шифра 724149, програма 10.

3. Потребните документи (во оригинал или фотокопие заверено кај нотар) се поднесуваат во архивата на Министерството за економија: ул."Јуриј Гагарин" бр.15, Скопје.

4. Пријавувањето за испитот започнува од денот на објавувањето на овој оглас и завршува најдоцна до 31.08. 2018 година.

5. Термините за полагање на испитот за прв дел (теоретски дел) и вториот дел (практичен пример) се закажуваат дополнително.

Министерство за економија